Финансирано од Европска Унија
ЕУ со ТЕБЕ
ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ
CENTER FOR LEGAL RESEARCH AND ANALYSIS
20 години МЗМП




Арбен Гудачи, Правен експерт и експерт за заштита на лични податоци

Мартина Дранговска Мартинова, Правен експерт и експерт за заштита на лични податоци

# КЛУЧНИ ПРАШАЊА

01. ЗОШТО ПРИВАТНОСТА Е ОД КЛУЧНО ЗНАЧЕЊЕ ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА?

02. КАКВА Е АКТУЕЛНАТА СОСТОЈБА СО ПОВРЕДАТА НА ПРИВАТНОСТА ВО ДРЖАВАТА?

03. ШТО Е ЦЕЛТА НА ДОКУМЕНТОТ?

# ПРАВНА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА ПРИВАТНОСТ И ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ НА ИНТЕРНЕТ

Устав на Република Северна Македонија, Закон за заштита на личните податоци, Закон за електронски комуникации, Закон за следење на комуникациите и Кривичен законик

# ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА ЗА ЗАШТИТА

Главните институции што учествуваат во овој процес во Република Северна Македонија се Агенцијата за заштита на личните податоци (АЗЛП), Министерството за внатрешни работи (МВР), јавните обвинителства и надлежните судови.



# НАЈЧЕСТИ ВИДОВИ НА ПОВРЕДИ НА ПРИВАТНОСТА НА ИНТЕРНЕТ

01. **КРЕИРАЊЕ НА ЛАЖНИ ПРОФИЛИ**

02. **НЕОВЛАСТЕН ПРИСТАП ДО ПРОФИЛИ**

03. **НЕОВЛАСТЕНО ОБЈАВУВАЊЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**



# СТАТИСТИКА 2020-2023

## АЗЛП

Забележлив е тренд на зголемување на претставките што се однесуваат на социјалните мрежи од 2019 година наваму.

## МВР

Од вкупниот број на регистрирани дела, речиси половина, односно 258 се со непознат сторител.

## ОСНОВНИ СУДОВИ

Затворските казни за злоупотреба на лични податоци се изрекуваат многу ретко и генерално се под законскиот максимум за ова дело.




**77% (2022)**
**91% (2023)**
од претставките за повреди на интернет

**558**
кривични пријави по чл. 149 од КЗ

**168**
судски одлуки по чл. 149 од КЗ

01.

## РЕЧИСИ ПОЛОВИНА ОД ВКУПНИОТ БРОЈ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ЗА ЗЛОУПОТРЕБА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ СЕ СО НЕПОЗНАТ СТОРИТЕЛ.

## ПРЕДИЗВИК

Постои сериозен предизвик во идентификувањето на сторителите на кривичното дело “злоупотреба на личните податоци”

## ПРЕПОРАКА

Подобрување на меѓународната соработка преку споделување на добри практики и унапредување на механизмите за брза и ефикасна размена на информации и докази

02.

## ЗА ЈАВНОСТА ДОСТАПНИ СЕ САМО ДЕЛ ОД ПРЕСУДИТЕ ЗА ЗЛОУПОТРЕБА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ.

## ПРЕПОРАКА

Осигурување дека сите судски одлуки се достапни на судскиот портал, што ќе овозможи подобра анализа и следење на судските постапки

## ПРЕДИЗВИК

Постои недостаток на транспарентност на судското одлучување

03.

# ВО ОДРЕДЕНИ СУДСКИ ПОДРАЧЈА НЕ Е ДОНЕСЕНА НИТУ ЕДНА ПРЕСУДА ПО ЧЛЕНОТ 149 ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК.

# ПРЕДИЗВИЦИ

**01.** Недостаток на свест за правото на приватност и заштита на личните податоци помеѓу граѓаните

**02.** Ефикасноста на локалните правосудни органи е предизвик во заштитата на правото на приватност

# ПРЕПОРАКИ

**01.** Спроведување на обемни кампањи за зголемување на свеста за правата на приватност во регионите каде што нема донесени одлуки, со акцент на важноста на пријавувањето и процесирањето на случаите

**02.** Организирање обуки за вработените во СВР кои работат директно на терен за да се осигури дека се запознаени со законските регулативи и практиките за заштита на личните податоци

04.

# ЗА ЗЛОУПОТРЕБА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ СЕ ИЗРЕКУВААТ КАЗНИ КОИ НЕ ОДГОВАРААТ НА СЕРИОЗНОСТА НА ДЕЛАТА.

To exit full screen, press Esc

## ПРЕПОРАКИ

01. Ревидирање на казнената политика за злоупотреба на лични податоци, со фокус на изрекување на повисоки казни што ќе имаат превентивно дејство

02. Усвојување нови кривични дела кои ќе ги инкриминираат најтешките случаи на повреда на приватноста

## ПРЕДИЗВИК

Изрекување на благи казни кои не обезбедуваат соодветна правда за жртвите и ефикасна превенција

# ОПШТИ ПРЕПОРАКИ

- Спроведување на обуки за заштита на лични податоци и правото на приватност за слушателите на Академијата за судии и јавни обвинители, со редовни обуки на секои две години, фокусирани на новите технолошки предизвици и примена на практиките на Европскиот суд за човекови права.
- Организирање на специјализирани обуки за обвинителите за да се подобри нивната проактивност во обезбедувањето и заштитата на електронските докази.
- Подобрување на соработката меѓу јавните обвинителства, судовите и Секторот за дигитална форензика и компјутерски криминал при МВР.
- Подобрување на процесот за барање на меѓународна правна помош и координација за брзо обезбедување на електронски докази, со цел да се намали ризикот од измена или бришење на доказите.
- Формирање на специјализирани служби за поддршка на жртвите на злоупотреба на лични податоци кои ќе им помагаат во процесот на пријавување и во текот на судските постапки.
- Постојано следење на развојот на нови технологии и нивното влијание на приватноста, со цел навремено ажурирање на законодавството и практиките.

"A MAN WHO LOSES HIS PRIVACY LOSES EVERYTHING. AND A MAN WHO GIVES IT UP OF HIS OWN FREE WILL IS A MONSTER"

Milan Kundera

# БЛАГОДАРИМЕ НА ВНИМАНИЕТО

arben.gudaci@gmail.com
mmartinova@myla.org.mk